МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС>>

# МЦМС е-Билтен

Јули 2013
БРОЈ 144

## Нов проект на МЦМС за борба против корупцијата

МЦМС и Американската агенција за развој (УСАИД) потпишаа договор за поддршка на проектот наречен „Проект на УСАИД за борба против корупција". Освен МЦМС, активностите ќе ги спроведуваат и Институтот за демократија Социетас Цивилис Скопје (ИДСЦС), Асоцијација за демократски иницијативи – Гостивар (АДИ) и Транспарентност Македонија. Финансиската поддршка од УСАИД изнесува 583.972 $, а периодот на спроведување е јули 2013 – април 2016 г.

Целта на проектот е зголемена информираност и знаења на граѓанските организации и граѓаните за барање повеќе отчетност кај институциите како и придонес кон нивниот повисок интегритет. На крајот од спроведувањето, се очекува да се постигнат повеќе резултати: 1. Спроведена детална и систематска анализа на состојбите и динамиката на корупцијата; 2. Зголемени капацитети на граѓанските организации за следење и борба против корупцијата; 3. Зголемено влијание на граѓанските организации во креирањето и следењето на политиките; 4. Зголемена свест на граѓаните за борба против корупцијата.

Проектот предвидува повеќе активности, а некои од нив за прв пат ќе се спроведат во Македонија, како на пример воспоставувањето на Систем за следење на корупцијата (ССК) според методологија развиена од бугарскиот Центар за изучување на демократија (ЦИД). ССК е сеопфатен пристап за мерење на искуствата на граѓаните, перцепциите, подложноста и прифаќањето на корупцијата. Посебно ќе се работи на јакнење на капацитетите на граѓанските организации за следење на корупцијата, и на нивната соработка и вмрежување во заедничката борба против корупцијата во Македонија.

Предвидени се и активности за информирање и мотивирање на граѓаните да придонесат за превенција на корупцијата.

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE

## Граѓаните се повеќе им веруваат на граѓанските организации

Чинителите на граѓанското општество и граѓанските организации (здруженија и фондации) бележат зголемување на довербата од јавноста во споредба со претходни години и по прв пат имаат доверба од мнозинството граѓани (54,2%), при што најмногу доверба имаат студентите и младите луѓе до 29 години. Ова се наоди од истражувањето на тема Довербата во граѓанското општество спроведена од страна на Проектот Техничка поддршка на граѓанските организации во соработка со Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС).

Истражувањето исто така утврдува дека наспроти трендовите во претходните години сега доминира позитивен став во однос на перцепцијата за мотивите за работата на граѓанските организации при што мнозинство граѓани (50,5%) веруваат дека организациите се изворни иницијативи на граѓаните со цел да се остварат нивните интереси. И ставовите за злоупотреба на граѓанските организации од страна на политичките партии се во опаѓање. Но, сè уште има граѓани кои веруваат дека постои злупотреба пред сè во форма на присвојување на ставови на граѓанските организации или затскривање зад нив (43,5%) и користење на истите како гласноговорници (20,6%).

За прв пат е истражена и перцепцијата на јавноста за транспарентноста на граѓанските организации, а резултатите, наспроти општо позитивните трендови во довербата, покажуваат доминантност на определбата дека граѓанските организации не делуваат транспарентно и не се отчетни за својата работа и финансиите (44,2%). Една третина од испитаниците (33,3%) имаат позитивен став кон ова прашање.




Како и во претходните и во ова истражување довербата во одделни потсектори е повисока од просечната (општа) доверба во граѓанските организации. Доминира довербата во организациите за деца, млади и студенти, за лицата со посебни потреби, за жени и родови прашања, за животна средина и за спорт, хоби и рекреација.

Истражувањето е спроведено со теренска анкета - интервјуа „лице в лице" од 31 мај до 21 јуни 2013 година, на репрезентативен примерок од 810 испитаници. Популациската рамка беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони. Анкетата ја спроведе агенцијата за истражувања М – Проспект.

## Дискусии за предлог-измените кај четири даночни закони

На 8 јули 2013 г. се одржа консултативен состанок со фокус група за подготвените предлог-измени на даночните закони во одредбите кои се однесуваат на граѓанските организации. Настанот беше организиран од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во соработка со Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ).

Претставниците на граѓанските организации кои ја сочинуваа фокус групата дискутираа и ги споделија своите ставови и мислења по однос на предлог-измените во четири даночни закони: Закон за персонален данок на доход, Закон за данокот на добивка, Закон за даноците на имот и Законот за данокот на додадена вредност, во одредбите кои се однесуваат на граѓанските организации претходно подготвени од група експерти од Центарот за даночна политика. Групата во најголема мера се задржа на Закон за персонален данок на доход и Закон за данокот на добивка каде одредбите не доволно ја поддржуваат одржливоста на граѓанското општество. Се дискутираше и потребата од создавање посебни даночни потикнувања за граѓанските организациите кои во иднина би сакале да добијат статус од јавен интерес.

Настанот е продолжение на напорите на МЦМС и ЕЦНЛ за создавање поволно даночно опкружување. Спроведени се консултации со ГО, а подготвена е и анализа која е основа за подготовката на овие предлог-измени.

## Предизвици при спроведување на Законот за здруженија и фондации

МЦМС во соработка со Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) од Будимпешта, на 9 јули 2013 г. одржа консултативен настан на тема: Предизвици при спроведувањето на Законот за здруженија и фондации.

Претставниците на органите на државна управа кои најдиректно се вклучени во спроведувањето на законот дискутираа за искуството од досегашното спроведување на законот, ги споделија согледувањата за можностите и примената на економски активности од страна на граѓанските организации, предизвиците во процесот на регистрација/пререгистрација, досегашното искуство со концептот на статус на јавен интерес и подготвените предлог-измени и дополнувања во даночните закони.

Претставниците на граѓанскиот сектор ги споделија своите искуства во изнаоѓање заеднички решенија и препораки. Во дискусијата особено внимание се посвети на информираноста за постапката за регистрација на граѓанска организација, и за други прашања поврзани со Централниот регистар на Македонија. Беа согледани можностите за заживување на концептот на статус на организација од јавен интерес и дополнително неговата поврзаност со поволна даночна околина како важен елемент во одржливоста на граѓанските организации. Дискутираните прашања на средбата и предлог мерките за акција произлезени по дискусијата се во насока на поддршка на спроведувањето на Акцискиот план од Стратегијата за соработка на Владата со ГО.

## Дијаспората и Букурешкиот договор

„Можете да го извадите Македонецот од Македонија, но не и Македонија од Македонецот“, рече Стојан Николов претседавачот на Одборот на директори на Обединетата македонска дијаспора (ОМД) на отворањето на Четвртата глобална конференција на ОМД што се одржува во Скопје од 24 јули до 2 август 2013 година. Темата на конференцијата е 100 години од Букурешкиот договор.

„Идејата за вмрежување со иселеништвото како и неговото вклучување во општествениот и економски развој на матичната земја, претставува предизвик за целата држава па и за граѓанскиот сектор чиј дел е МЦМС“, рече во своето воведно обраќање Александар Кржаловски, извршен директор на МЦМС кој е партнер на ОМД во организирањето на Конференцијата. Дијаспората е дел од среднорочниот план на МЦМС, а во насока на подобрување на меѓусебната информираност МЦМС пред неколку години го издаде првиот Адресар на организациите на иселениците од Македонија.

Освен темите поврзани со Букурешкиот договор, дел од програмата третираше и актуелните теми како што се евроатлантските интеграции, надворешната политика, правата на малцинствата, слободата на медиумите и прашањето на името.

За учесниците на конференцијата приеми приредија Амбасадорот на САД и Претседателот на Република Македонија, а Премиерот беше со учесниците на последниот дел од конференцијата за време на гала вечерата.

Учесниците на конференцијата доаѓаат од 27 земји во светот вклучувајќи ги и земјите од регионот каде што живеат Македонци. Тридневната работна програма опфаќаше голем број излагања на 40-тина експерти од 12 различни држави.




# Меѓусебно информирање и координација за оспособување на жените

На 4 јули 2013 г. во МЦМС, се одржа координативен и информативен состанок на организациите кои спроведуваат проекти во рамките на грант-шемата „Подобрување на можностите за вработување на пазарот на трудот на жените од малцинските етнички заедници“ од 4-та компонента на Инструментот за претпристапна помош (ИПА). На состанокот присуствуваа претставници на шест од седумте проекти, на Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД), Министерството за труд и социјална политика (МТСП), Делегацијата на Европската Унија, како и на уште еден проект од 4-та компонента на ИПА.

Организациите ги споделија искуствата од досегашното спроведување на проектите. Идентификувани се околу 1.000 жени, кои на различни начини се вклучуваат во проектите. Во рамки на проектите се формираат бизнис инкубатори во рурални средини, клубови за вработување на жените, се промовираат ромски советници за вработување, се прават анализи на локалните потреби и понуда на пазарот на трудот, се креираат куси биографии и планови за личен развој на вклучените жени, етнички Албанки, Турчинки, Бошњачки, Ромки и др. Проектите се спроведуваат во повеќе региони на Македонија.

Организациите што ги спроведуваат проектите зборуваа и за проблемите и предизвиците со кои се сретнуваат на терен, но и при администрирањето. Тие ги истакнаа разликите на побарувачката со понудата на работната сила, очекувања на корисничките и претпријатијата итн. Во поглед на администрирањето тие истакнаа дека процесот на набавки, кој се спроведува според Практичниот водич за процедури за договори на ЕУ (ПРАГ), предизвикува одложување на дел од активностите во проектите. Ова од една страна се должи на неискуството на организациите за спроведување набавки, немањето доволно или пак незаинтересирани добавувачи за одредени локации, а од друга страна на подолгиот период кој им е потребен на одговорните институции да одобрат.




*Многу предизвици пред спроведувачите: теренски и административни*

Состанокот се одржа во рамките на проектот на МЦМС „Оспособување на жените погодени од конфликтот“.

## Граѓаните ги поддржаа сите пет концепти

На 16 јули 2013 година, во ресторанот „Саса“ во Македонска Каменица се одржа третата форумска сесија од меѓу-општинскиот форум за Македонска Каменица и Делчево.

На граѓаните им беа презентирани пет концепти за предлог проекти за темата „Собирање смет“ и тоа: „Со рециклирање, до почиста околина!“; „Специјални возила за собирање смет“; „Расчистување на дивите депонии“; „Уредување на градските депонии“; „Селектирање на сметот – придобивка за граѓаните и за општините!“.

На форумската сесија граѓаните дискутираа за решенијата понудени од работните групи и им дадоа поддршка на сите концепти што значи дека тие поминаа во следната фаза кога ќе се доработуваат како предлог проекти.

„Пред одржувањето на првата меѓуопштинска форумска сесија постоеја сомнежи дека граѓаните активно ќе се вклучат во решавањето на локалните проблеми, но денес, на третата сесија сите сомнежи се покажаа како крајно неоправдани“, вели Драгана Велиновска. Жителите на двете општини се доста иновативни во предлагањето на концептите. Денес имавме можност да видиме и слушнеме голем број конструктивни дебати и предложени решенија“, рече таа. И Верица Митревска е задоволна од тоа што преку форумите граѓаните сами решаваат дел од секојдневните проблеми со отпадот.

Предлог проектите на граѓаните ќе им бидат презентирани на четвртата форумска сесија што ќе се одржи на 3 септември 2013 година во Делчево.

## Со секој форум до крајната цел

Втората форумска сесија во општина Шуто Оризари се одржа на 10 јули 2013 година, во ОУ Браќа Рамиз-Хамид и на неа присуствуваа околу 97 граѓани.

Граѓаните правеа анализа на темата „Патна и сообраќајна инфраструктура“, што ја избраа на првата форумска сесија. Во рамки на темата, потоа ги идентификуваа локалните проблеми со кои секојдневно се соочуваат и дискутираа и даваа предлози за нивно решавање. Идентификуваните проблеми и предлог-решенијата беа групирани во пет под-теми: Реновирање и санација на централни и споредни улици; Реновирање на тротоарите; Уредување на јавни површини; Уредување на паркинзи и Улично осветлување.

„Идејата со организирање на Форумските сесии е навистина добра“, го сподели своето размислување Сабина Мемед. „Учеството на форумот, заедно со моите сограѓани, во одлучување за добробит на нашата заедница е убаво чувство за мене како наставник“, додаде таа. И за Фазли Сербез, форумите се добра иницијатива. „Ова што денеска го работевме ми буди волја пак да бидам присутен на следниот форум, бидејќи со секој организиран форум доаѓаме до нашата крајна цел - ние граѓаните да одлучуваме што да се гради“, вели тој и додава дека неговиот фаворит е реновирањето на улиците.

На крајот на форумската сесија беа формирани работни групи за развивање на концепти за предлог проекти и граѓаните беа информирани дека следната форумска форумска сесија ќе се одржи на 6 септември 2013 г.